# Е Л А Б О Р А Т

за организирање и спроведување на теренска вежба за гасење на пожар на отворен простор во ЈУНП „Галичица“

**„ПРВИЧЕН ОДГОВОР 2025“**

**Изработил:**
**д-р Александар Главинов, ред.проф.**
полковник

Скопје, Март 2025 година

**С О Д Р Ж И Н А**

1. Одлука за организирање и спроведување на теренска вежба за гасење на пожар на отворен простор во ЈУНП „Галичица“, - „Првичен одговор 2025“ .......... 4

2. Решение за одобрување на Елаборатот за организирање и спроведување на теренска вежба за гасење на шумски пожар во ЈУНП „Галичица“ - „Првичен одговор 2025“ .......... 7

3. Вовед за вежбовните активности .......... 8

4. Тема на вежбовните активности .......... 11

5. Цели и задачи на вежбовните активности .......... 12

6. Применливост и одржливост на вежбовните активности .......... 14

7. Општи карактеристики на територијата за време на спроведување на вежбовните активности .......... 15

8. Процена на загрозеност од пожари на подрачјето на ЈУНП „Галичица“, за време на спроведување на вежбовните активности .......... 17

9. Протоколи за комуникација, координација и соработка за време на спроведување на вежбовните активности .......... 21

10. Избор на локација на теренот за време на спроведување на вежбовните активности .......... 24

11. Процена на земјиштето за време на спроведување на вежбовните активности .......... 25

12. Опис и процена на пристапните патишта во ЈУНП „Галичица“, за време на спроведување на вежбовните активности .......... 26

13. Процена на климатските и временските услови за време на спроведување на вежбовните активности .......... 27

14. План за вежбовните активности .......... 29

15. Сценарио за вежбовните активности за гасење на пожар на отворен простор во ЈУНП Галичица „ .......... 32

16. План за подготовки на институциите вклучени во изведување на вежбовните активности .......... 42

**17. Медицинско обезбедување за време на спроведување на вежбовните активности ........ 46**

**18. Противпожарно обезбедување на работните точки од вежбата............... 47**

**19. План за врски за време на спроведување на вежбовните активности...... 48**

**20. Чек листи ( листи за проверка) и листи за извештај за евалуација на вежбовните активности........ 49**

**21. Финансиска конструкција за организирање и спроведување на теренската вежба за гасење на пожар на отворен простор во Национален парк Галичица - „Првичен одговор 2025“ ........ 50**

**22. План за безбедност за време на спроведување на вежбовните активности ........ 51**

Врз основа на овластување од проектот „Заштита на пештерските екосистеми и загрозените растителни и животински видови во Националниот парк Галичица од негативните ефекти на климатските промени“, финансиран од PONT, а спроведуван од ООЦК Охрид и ИД „Урсус спелеос“-Скопје, а во соработка со ЈУНП „Галичица“, координаторот на проектот донесе:

# О Д Л У К А

за организирање и спроведување на теренска вежба за гасење на пожар на отворен простор во ЈУНП „Галичица“

**„ПРВИЧЕН ОДГОВОР 2025“**

Во рамките на проектот „Заштита на пештерските екосистеми и загрозените растителни и животински видови во Националниот парк Галичица од негативните ефекти на климатските промени“, поддржан од Prespa Ohrid Nature Trust – PONT, а спроведуван од ООЦК Охрид и Истражувачко друштво „Урсус спелеос“-Скопје, а во соработка со ЈУНП „Галичица“ е предвидено да се организира и спроведе практична теренска вежба за гасење на пожар на отворен простор во ЈУНП „Галичица“ под името „ПРВИЧЕН ОДГОВОР 2025“, почитувајќи ги одредбите од:

- Уредбата за организирањето, планирањето и спроведувањето на обуките и вежбите кои се спроведуваат во системот за управување со кризи (Сл.весник на РМ, бр.38/10),[1].
- Уредба за спроведување на мерките за заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи (Сл.весник на РМ бр. 100/10)[2] и
- Правилник за начинот на спроведување на обуката на сезонските пожарникари. (Сл. весник на Република Македонија бр. 19/06)[3]

**Тема на теренските вежбовни активности** е справување со пожар на отворен простор во почетна фаза од страна на ЈУНП „Галичица“ и други субјекти од Охридскиот регион.

---

[1] Уредбата за организирањето, планирањето и спроведувањето на обуките и вежбите кои се спроведуваат во системот за управување со кризи (Сл.весник на РМ, бр.38/10).

[2] Уредба за спроведување на мерката заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи. (Сл.весник на Република Македонија бр. 100/10)

[3] Правилник за начинот на спроведување на обуката на сезонските пожарникари. (Сл. весник на Република Македонија бр. 19/06)

**Основна цел на теренските вежбовни активности** е да се направи проверка на ефикасноста на противпожарните тимови на ЈУНП „Галичица“, поддржани со тимовите од невладиниот сектор до пристигнувањето на ТППЕ Охрид и Ресен и екипата на ДЗС Охрид.

**Дополнителна цел на теренските вежбовни активности** е да се покаже спремноста, увежбаноста, меѓусебната соработка и координација за постапување и спроведување на соодветни протоколи и стандардни процедури за справување со пожари на отворен простор на ЈУНП „Галичица“ и другите надлежни субјекти за одговор на пожар:

- ⇨ Територијални подрачни противпожарни единици – Охрид,
- ⇨ Територијални подрачни противпожарни единици - Ресен,
- ⇨ Подрачни организации,
- ⇨ Дирекција за заштита и спасување - Охрид,
- ⇨ Припадници на ПС кои се формирани во општината Охрид,
- ⇨ Регионален Центар за управување со кризи - Охрид,
- ⇨ Министерството за внатрешни работи на РС Македонија,
- ⇨ Итната медицинска помош - Охрид,
- ⇨ општинската организација на Црвен Крст - Охрид и
- ⇨ планинската спасителна служба на Црвениот Крст - Охрид и други.

Теренската вежба ќе се спроведе од ден ________ 2025 година. со почеток во 10:00 часот и завршеток до 16:00 часот на локација на планината Галичица, во близина на Планинарскиот дом „Спиридон“.

Одговорното лице во Црвениот крст Охрид заедно со останатите соработници (вработени) треба да ги преземат потребните активности и мерки за сообраќајно, здравствено, материјално и друго обезбедување за учесниците во оваа вежба. За таа цел да формира тимови за:

- ⇨ координација на вежбата со надлежност да ја координира работата на оперативните сили на терен,
- ⇨ анализа на вежбата со научени лекции,
- ⇨ безбедност, кој ќе изготви соодветен План за безбедност на вежбата и безбедност на сите учесници во истата,
- ⇨ план за оперативно-логистичка и материјално-финансиска поддршка на вежбата,
- ⇨ информации за текот на вежбовните активности и за комуникација со претставниците на медиумите.

Тимот за евалуација (составен од 4 евалуатори) да изработи извештај за вежбата темелена врз дефинирана методологија и после завршената евалуација да

се достави дополнителен извештај со научени лекции до Директорот на ЈУНП „Галичица“.

**КООРДИНАТОР НА ПРОЕКТ:**

______________________________

Доставено до: - Основната организација на ЦКРСМ Охрид
- Елаборат на вежбата
- Архива на проектот

Врз основа на овластување од проектот „Заштита на пештерските екосистеми и загрозените растителни и животински видови во Националниот парк Галичица од негативните ефекти на климатските промени“ координаторот на проектот донесе:

# РЕШЕНИЕ

за одобрување на Елаборатот за организирање и спроведување на теренска вежба за гасење на шумски пожар во ЈУНП „Галичица“ - **„Првичен одговор 2025“**

Координаторот на Проектот го разгледа и одобри Елаборатот за организирање и спроведување **на теренска вежба за гасење на шумски пожар во Национален парк Галичица - „Првичен одговор 2025“** на подрачјето на Националниот парк Галичица со пропратните документи содржани во него.

Составен дел на Елаборатот се прилозите на Планот наведени во содржината.

Примерок од Елаборатот да се достави и чува во:

- ЈУНП „Галичица“
- ЦКРСМ Охрид
- Архива на проектот

**КООРДИНАТОР НА ПРОЕКТ:**

_______________________________

## 3. ВОВЕД ЗА ВЕЖБОВНИТЕ АКТИВНОСТИ

**Реализација на вежбовните активности:** Во ЈУНП „Галичица“, на планината Галичица, во близина на Планинската куќа „Спиридон“ помеѓу Регионалниот пат Р 504 и локалниот пат кон врвот Лаки Сигној близу општинската граница на Охрид со Ресен, во периодот од 09:00 часот до 16:00 часот на ____________ 2025 година. Истите се изведуваат во рамките на проектот за „Заштита на пештерските екосистеми и загрозените растителни и животински видови во Националниот парк Галичица од негативните ефекти на климатските промени“, поддржан од Prespa Ohrid Nature Trust – PONT, а спроведуван од Црвен крст Охрид и Истражувачко друштво „Урсус спелеос“-Скопје, а во соработка со ЈУНП „Галичица“.

**Цел на вежбата** е да се направи:

- проверка на ефикасноста на Планот за справување со пожари на отворен простор за ЈУНП „Галичица“,
- проверка на Протоколите за комуникација, координација и соработка помеѓу ЈУНП „Галичица“ и ТППЕ Охрид,
- проверка на Протоколите за комуникација, координација и соработка на ЈУНП „Галичица“ со другите надлежни субјекти за гасење на пожари на отворен простор.

**Терминот „опасност“** означува појава што може да заврши со несакани последици. Значи, кога велиме опасност од пожар се мисли на можноста од несакани последици од пожар. Опасностите од пожарите на отворено и шумските пожари често се поврзани со карактеристиките на горивниот материјал и тоа првенствено се однесуваат на лесното палење на вегетација и степенот на тежина на контрола на пожарот. Опасностите од пожар на отворен простор се поврзани со физичките карактеристики на горивниот материјал, како што е распоредот на запаливи материјали, состојбата на вегетацијата и присуството на елементи кои лесно го пренесуваат пожарот.

**Терминот „пожар“** се дефинира како неконтролираното ширење на оган кој се развива под различни услови. Пожари се случуваат на целата планета и не постојат места кои се поштедени. Можат да бидат предизвикани од природни катастрофи, како што се земјотреси и вулкански ерупции, но најчеста причина е човечкиот фактор, односно предизвикување пожар од невнимание или негрижа. Основните услови неопходни за настанување на пожари се:

- горива супстанција,
- кислород,
- извор на палење.

Пожарите често се проследени со експлозии, кога топлината се ослободува со голема брзина. Во тој случај се развива голема количина на топлина која се пренесува на соседните материјали, со што се врши проширување на огнот.

**Терминот „пожари на отворен простор“** претставува неконтролирано, стихијно движење на огнот на површини под шуми, пасишта и земјоделско обработливо земјиште. Може да биде различен, во зависност од видот, начинот на настанување и штетите што ги предизвикува. За настанување на пожар потребни се: одредена температура, притисок и кислород. Доколку една од овие компоненти се отстрани, огнот ќе се изгасне. Пожарите на отворено обично се јавуваат и како шумски пожари, во ретки случаи се појавуваат и на природен начин:

- удар на гром и молња,
- соларна енергија,
- статички електрицитет,
- земјотрес и.т.н.

Пожарите на отворено, сепак, најчесто се предизвикани од невнимание и негрижа на луѓето и ресурсите кои ги користат за различни работи во шумата, при транспорт, невнимателно постапување со оган, пушење, палење оган од туристи, кампери, дрвосечачи, намерно подметнување пожар и.т.н.

*Видови на пожари на отворено:*

- Подземен пожар или пожар на почвата се случува кога ќе се запалат листинецот во почвата или подземните наслаги на тресет. Таквиот пожар тлее и бавно напредува. Прави најмалку штета и најлесно се гасне.
- Приземни пожари настануваат кога ќе се запали покривката на тлото хумус, лисја, игли, мов, сува трева, суви гранки и дрва, трупци. Тоа е најчестата форма на шумски пожар, се шири брзо, има обилен пламен и топлина.
- Пожар на крошните на дрвјата се развива од приземниот пожар, ако ги зафати гранките на дрвјата. Се појавува во сушните сезони од годината. Најчесто на таков начин горат иглолисните шуми. За негово ширење е потребен приземен пожар и ветер. Најопасен е и најтешко се гасне, а вртлозите на ветрот може да го пренесат и на десетици метри растојание, понекогаш оставајќи зад себе и поголеми неизгорени површини.
- Пожар на поединечни стебла настанува од удар на гром. Чест е во прашумите, каде што има многу суви гранки. Пожарот, кога ќе се појави, брзо се шири уништувајќи голем број на материјални добра, земјиште, шуми, природни убавини, а за жал и човечки животи. Иако брзо се појавува и шири, гасењето на пожарот е многу бавно и бара многу средства и напор.

Од целата површина на земјата која била зафатена од пожар, само пет проценти сеуште е употребливо и плодно земјиште.

**Штетите предизвикани од пожар** можат да бидат директни и индиректни и постојано се зголемуваат. Освен уништувањето на дрвјата, пожарите предизвикуваат и негативни климатски нарушувања, загрозување на ендемски видови, лизгање на земјиштето, поплави и други штети.

*Штети предизвикани од пожарите на отворен простор се:*

- ⇨ повреди или загинување на луѓе,
- ⇨ уништувањето на дрвја, ендемски и други помалку инвазивни растенија,
- ⇨ ерозија на шумски почви,
- ⇨ оштетување на физичките својства на почвата,
- ⇨ намалување на количината на хумус и продуктивната способност на почвата,
- ⇨ нарушување на естетските вредности на животната средина,
- ⇨ угинување на шумски животни,
- ⇨ уништување на станбени и деловни објекти.

**Борбата против дивите пожари** е еден од најголемите предизвици на современото општество. Најдобар начини за борба е превентивната заштита, која може да ги намали штетите од пожарите. Гасењето на шумски пожари е поврзано со големи тешкотии и мора да бидат ангажирани голем број на луѓе и користење на соодветни ресурси, бидејќи пожарите често се појавуваат на непроодни терени.

Проблемот со пожарите во последната деценија достигна глобални размери. И покрај заштитните мерки, на земјата се случуваат и до 6.000.000 пожари на објекти или на отворен простор годишно, што значи дека во просек на секои 5-6 секунди се случуваат по 1-2 пожари. Годишно во просек 50.000 луѓе гинат, а со повреди и изгореници се здобиваат околу 6 милиони.

## 4. ТЕМА НА ВЕЖБОВНИТЕ АКТИВНОСТИ

Тема на вежбовните активности: Организирање и спроведување на теренска вежба за справување со пожар на отворен простор во ЈУНП „Галичица“ („Првичен одговор 2025“)

Пожарите на отворен простор претставуваат една од најзначајните закани за заштитените подрачја, како што е Јавната установа Национален парк „Галичица“, при што нивното влијание се протега од деградација на екосистемите и губење на биодиверзитет до директно загрозување на локалното население и инфраструктурата. Со оглед на климатските промени, зголемените човечки активности и чувствителноста на флората и фауната во Паркот, потребата од интегрирани и координирани интервенции станува сè поитна и комплексна.

Во таа насока, спроведувањето на теренски вежби за справување со пожари има суштинска улога во унапредување на капацитетите на институциите и службите одговорни за првичен одговор. Преку симулирани сценарија, ваквите вежби овозможуваат тестирање на процедурите за брза мобилизација, координација помеѓу различни чинители (како што се Противпожарните единици, Црвениот крст, ЈУНП „Галичица“, Центарот за управување со кризи, ДЗС и други), како и ефикасно користење на расположивите човечки и технички ресурси.

Темата „Првичен одговор 2025“ се фокусира на реализација на теренска вежба која ќе симулира настанување и ескалација на шумски пожар во рамки на НП „Галичица“ при што ќе се провери подготвеноста, интероперабилноста и реактивноста на системот за заштита и спасување. Оваа вежба има и едукативен и аналитички карактер, со цел идентификација на потенцијални слабости, потреби за обука и подобрување на стандардните оперативни постапки (СОП).

Истовремено, вежбата претставува можност за имплементирање на пристапот „учење преку дејствување“, со што се зајакнува практичната способност на учесниците за справување со реални кризни ситуации. Таа е особено значајна во контекст на стратегиското планирање на превентивни и итни мерки, како и во унапредувањето на вклученоста на локалните заедници во системот на заштита и спасување.

Организирањето на ваква вежба ја демонстрира заложбата за воспоставување на одржливи механизми за управување со ризици од природни непогоди, притоа ставајќи акцент на заштитата на природните ресурси и биолошката разновидност. Таа, исто така, претставува чекор кон исполнување на националните и меѓународните стандарди за управување со катастрофи и заштита на животната средина.

## 5. ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ НА ВЕЖБОВНИТЕ АКТИВНОСТИ

**Основна цел на вежбовните активности** е да се направи проверка на ефикасноста на противпожарните тимови на ЈУНП „Галичица“, поддржани со тимовите од невладиниот сектор до пристигнувањето на ТППЕ Охрид и Ресен и екипата на ДЗС Охрид.

**Дополнителна цел на вежбовните активности** ќе ја покажат спремноста, увежбаноста, меѓусебната соработка и координација за постапување и спроведување на соодветни протоколи и стандардни оперативни процедури, за справување со пожари на отворен простор на ЈУНП „Галичица“ и другите надлежни субјекти за одговор на пожар:

- ⇨ Територијални подрачни противпожарни единици – Охрид,
- ⇨ Територијални подрачни противпожарни единици - Ресен,
- ⇨ Подрачни организации,
- ⇨ Дирекција за заштита и спасување - Охрид,
- ⇨ Припадниците на просторните сили кои се формирани во општината Охрид,
- ⇨ Регионален Центар за управување со кризи - Охрид,
- ⇨ Министерството за внатрешни работи на РС Македонија,
- ⇨ Итната медицинска помош - Охрид,
- ⇨ општинската организација на Црвен Крст – Охрид,
- ⇨ планинската спасителна служба на Црвениот Крст - Охрид и други.

**Општа цел на вежбовните активности:** Подобрување на ефикасноста на противпожарните тимови на ЈУНП Галичица при Првиот одговор во справувањето со пожари на отворен простор и проверка и тестирање на координацијата и командата на ЈУНП „Галичица“ и ТППЕ Охрид.

<u>Конкретна цел 1:</u> Проверка на подготвеноста на ЈУНП „Галичица“ за справување со опасноста од пожари на отворен простор и на подготвеноста на другите субјекти надлежни за справување со пожари во Охридскиот регион, преку проверка на координацијата, комуникацијата, соработката и командувањето.

<u>Конкретна цел 2:</u> Проверка на ефикасноста на Планот за справување со пожари на отворен простор за Национален парк Галичица.

<u>Конкретна цел 3:</u> Подобрување на подготвеноста и справувањето на сите клучни субјекти на локално ниво за справување со шумските пожари преку проценка на сите слаби и јаки страни од нивното делување.

<u>Конкретна цел 4:</u> Зголемување на нивната ефикасност и ефективност преку практична теренска вежба и дополнителна обука на одговорните институции во

справувањето со шумски пожари преку евалуација и кодификување на научените лекции.

**Цел на овие вежбовни активности** е намалување на ризиците за загуба на човечки животи од неспремност и некоординираност на соодветни институции во постапување со справување со шумски пожари.

Вежбовните активности ќе ја покажат спремноста, увежбаноста, меѓусебната соработка и координација за постапување и спроведување на соодветни протоколи и стандардни процедури, за справување со пожари на отворен простор на надлежните субјекти, а тоа се:

- ⇨ ЈУНП „Галичица“,
- ⇨ ТППЕ Охрид,
- ⇨ ТППЕ Ресен,
- ⇨ Општинскиот штаб за заштита и спасување Охрид,
- ⇨ Подрачните одделенија на ДЗС Охрид,
- ⇨ Подрачните одделенија на РЦУК Охрид,
- ⇨ припадниците на просторните сили кои се формирани во општините,
- ⇨ екипите за итна медицинска помош Охрид,
- ⇨ СВР Охрид,
- ⇨ Општинската организација на Црвен Крст – Охрид,
- ⇨ Планинската спасувачка служба на ЦКРСМ - Охрид,
- ⇨ невладини и спортски друштва,
- ⇨ граѓани и сл.

Со вклучување на сите овие институции ќе се провери спремноста и одговорот и како да се менаџираат силите и техничките и другите капацитети и ресурси.

## 6. ПРИМЕНЛИВОСТ И ОДРЖЛИВОСТ НА ВЕЖБОВНИТЕ АКТИВНОСТИ

Вежбовната активност ќе се спроведе врз основа на поставување на реален проблем кој може да се случи на било кое место во државата. Со оглед на тоа што сите вежбовни активности се предвидени да се изведат во согласност со позитивната законска регулатива од областа на управувањето со кризи и заштитата и спасувањето, истите овие активности би биле применливи на целата нејзина територија, а имајќи го предвид фактот дека мерките за делување, безбедност или справување со такви опасности кои ќе се промовираат се истовремено и во согласност со пропишаните европски стандарди, како успешни решенија можат да се применуваат насекаде и во регионот.

Откако вежбовните активности ќе завршат, сите институции ќе одржат работна средба за анализа, каде вклучените евалуатори детално ќе ја разработат целокупната динамика на спроведената вежба врз основа на добиените извештаи од набљудувачите на работните точки. По согледување на сите силни страни, аномалии или пропусти ќе се формира заклучок и ќе се даде препорака до раководителите на институциите како да се подобри ефикасноста во справување со пожари на отворен простор во Охридскиот регион, поточно на планината Галичица.

Од страна на тимот за евалуација на вежбата, ќе биде изготвен извештај во кој ќе бидат содржани сите забелешки, со слабите и јаки страни, како и забележувањето со чек листите од ангажираните набљудувачи и маркиранти и научените лекции. Деталите од извештајот би се користеле од страна на надлежните институции за справување со шумски пожари.

## 7. ОПШТИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ТЕРИТОРИЈАТА ЗА ВРЕМЕ НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ВЕЖБОВНИТЕ АКТИВНОСТИ

Националниот парк Галичица се наоѓа во југозападниот дел на Република Северна Македонија, на планинскиот масив Галичица, вклучително и делови од нејзините ограноци Исток и Пречна Планина, како и островот Голем Град во Преспанското Езеро. Националниот парк Галичица опфаќа површина од 24.151 хектари. Речиси 72% од територијата на Паркот е во границите на подрачјето на светското природно и културно наследство во Охридскиот регион, запишано во Списокот на светското природно и културно наследство на Конвенцијата на УНЕСКО (или 20,87% од вкупната површина на подрачјето). Територијата на Паркот припаѓа во административните граници на општините Охрид и Ресен.

Според геотектонската реонизација на Република Северна Македонија (Арсовски, 1997) Галичица припаѓа на Западно македонската зона. Таа претставува хетерогена геолошка средина во чија градба учествуваат повеќе литолошки единици од различна старост и различна литогенетска припадност. Карпите со девонска старост се претставени со: кварц-серицитско-глиновити шкрилци, кварц-серицитски, кварц-серицитски-графитични шкрилци, метапесочници и метакварцити. Големи маси од тријаски седименти се сочувани на пределите на Галичица. Тие се претставени со конгломерати и масивни варовници кои имаат дебелина од 500-550 метри. Јура е претставена со: перидотити и серпентинити, додека карпите од Терциер припаѓаат на Среден и Горен плиоцен. Среден плиоцен е претставен со чакал, песок, разични глини и лапорци, а Горен плиоцен е развиен во фација на слабо стратификуван материјал, составен од глини, песок и чакал. Квартер е претставен со езерски и барски седименти (чакал, песок, муљ, различни глини, тресет), флувиоглацијални седименти, црвеница, падински бречи и пролувијалните седименти (Думурџанов и Ивановски, 1978).

Галичица е висока планина издигната меѓу Охридската и Преспанската Котлина како типичен хорст. Највисок врв е Плаја е Пусит (2288 m) кој се наоѓа на територија на Албанија, додека врвот Кота (2265 m) е највисок во Р Македонија. Западната планинска страна е скалесто раседната со вертикални отсеци и избраздена со суводолици, точила и сипари. Билото на Галичица претставува флувиоденудациона-карстна површ. На планинските страни над 2000 m има траги од глацијален и периглацијален релјеф. Карстниот релјеф е силно изразен со застапени глациокарстни појави (Стара Галичица) и фосилни карстни полиња. Последните научни истражувања, спроведени во рамките на овој проект, покажуваат присуство на околу 40 пештери на Галичица.




Карта на Галичица

Хидрографските вредности на Галичица се доста нагласени, иако планината спаѓа во групата на најсушни просторни целини. Оваа одлика на планината Галичица произлегува пред сè од нејзиниот геолошкиот состав. Таа претставува карстен предел, со отсуство на површински речни текови и појава на повеќе извори во подножјето на планината кои го празнат карстниот систем, а тоа значи дека се работи за изразит водопропустлив терен, што условува појава на мал број истечни полноводни водотеци. Овие хидрографски вредности ја прават територијата на ЈУНП „Галичица“ повеќе ранлива од аспект на појава  и брзо ширење на пожари на отворен простор.

## 8. ПРОЦЕНА НА ЗАГРОЗЕНОСТ ОД ПОЖАРИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ЈУНП „ГАЛИЧИЦА“ ЗА ВРЕМЕ НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ВЕЖБОВНИТЕ АКТИВНОСТИ

На подрачјето на Националниот парк Галичица карактеристични се пожарите на отворено кои се најчести и со најголем интензитет. Причините за нивно настанување се различни со човечкиот фактор, како најприсутен. Според анализите на случените настани, профилот на опасноста и изложеноста на елементите на ризикот, пожарите ќе се случуваат со зачестен интензитет и во наредниот период. Пожарите не предизвикале значителна штета на клучната инфраструктура или го нарушиле функционирањето на системот, но претставуваат голема закана за ендемските видови, како лековитиот охридски чај или модрата смрека кај која по големиот пожар во Паркот од 2007 година, голем дел од состоините со модра смрека беа целосно уништени.

Како периоди на настанување на пожарите најчесто се месците Март-Април и Јули-Август, а време на нивно појавување од 11:00-17:00 часот, а како денови од неделата се Петок и Сабота.

Од анализирањето на настанатите поголеми шумски пожари во рамките на Националниот парк „Галичица“ во изминатиот период може да се заклучи дека истите се појавуваат во поголем обем помеѓу 10 и 20-тина години во месеците Јули-Август на температури повисоки од 30-тина степени. Пожарите на планината Галичица од поголем обем се како резултат на веќе предизвикани пожари во Република Албанија кои преминале во Република Северна Македонија. Нивниот интензитет не е голем. Тие најпрво ја зафаќаат ниската вегетација (суви лисја, трева, грмушки и сл.) и поради варовничката структура на просторот истите имаат и карактеристика на подземно пренесување што претставува посебен проблем за откривање, гаснење и контрола на пожарот. Во напредна фаза на пожарите се зафаќаат и површините кои се покриени со шума.

Масивот на планините Галичица и Исток кој се припаѓа во рамките на ЈУНП „Галичица“ од границата со Р. Албанија преку врвовите Магаро (2.260 м.н.в.), Лако Сигној (1.774 м.н.в.), Гога (1.736 м.н.в.), па се до врвот Вишесла (1.543 м.н.в.). Овој простор се карактеризира со богат шумски фонд и голем број на заштитени ендемски видови на балкански, јужно балкански и локални растенија, а присутни се и поголем број на ретки видови животни (рис, мечка, дивокоза, јазовец, еребица и др.) кои директно се изложени при појавата на пожарите на отворен простор. На ова подрачје освен поединечни објекти кои би биле загрозени при појава на поголеми шумски пожари има и повеќе населени места (село Љубаништа, село Трпејца, село Пештани, село Елшани, село Горно Коњско и село Долно Коњско, село Шипокно,

село Велестово, село Рамне и село Велгошти) и населби (Елешец, Лагадин, Св. Стефан и Рача). Непосредно до Охридското Езеро, но во периферниот дел на ова подрачје, се сместени автокамповите Св. Наум, Љубаништа, Градиште и Елешец, како и комплексот Горица во кој се наоѓа репрезантивниот хотел Горица и резиденцијалните објекти на Претседателот и Владата кои се обиколени со густа борова шума.

При појава на пожари во сите овие наведени населени места директно би биле загрозени околу 1.200 жители и нивните материјални добра, а додека во летниот период оваа бројка се зголемува за 10.000-15.000 туристи кои престојуваат на ова подрачје.

Со Националниот парк Галичица управува ЈУНП „Галичица“ кои за првичен одговор при појава на пожари на отворен простор има систематизирани места со конкретни задолженија за заштита од пожари кои се прикажани на следната табела:

| **Назив на одделението** | **Назив на работно место** | **Број на извршители** | **Работна задача во врска со пожари** |
|---|---|---|---|
| Одделение за правни, економски и општи работи | Самостоен референт – магационер | 1 | води грижа за опремата за гаснење на пожари на отворен простор и против пожарните апарати во објектите на ЈУНПГ |
| Одделение за одржливо користење на природните ресурси | Раководител на одделението за одржливо користење на природните ресурси | 1 | изготвува годишен оперативен план за заштита од пожари и се грижи за негово спроведување |
| | Шумарски работник | 10 | при појава на пожар учествува во негово гаснење; |
| Одделение за одржливо користење на природните ресурси | Соработник за одржливо користење на природните ресурси | 1 | се грижи за спроведување на годишниот оперативен план за заштита од пожари |

| Назив на одделението | Назив на работно место | Број на извршители | Работна задача во врска со пожари |
|---|---|---|---|
| | Шумарски техничар - одговорен на реон | | учествува во спроведување на годишниот оперативен план за заштита од пожари |
| Одделение за заштита на природата | Соработник за животински видови | 1 | ја организира заштитата при работа на терен и се грижи за спроведување на сите активности поврзани со заштита при работа; |
| | Чувар во заштитното подрачје (Чувар на паркот) | 3 | учествува во спроведување на годишниот оперативен план за заштита од пожари |

Според процена на загрозеност од пожари на општина Охрид, ЈУНП „Галичица“ располага со следните материјално технички средства:

- 20 грбни прскалки,
- 5 моторни пили,
- 8 лопати,
- 13 противпожарни метли,
- 7 гребла,
- 4 секири,
- 2 копачи и
- 1 мешина за вода.

Јавната установа не располага со противпожарни теренски возила и цистерни што го отежнува првичниот одговор на противпожарните тимови на Јавната установа.

Поаѓајќи од големината и значењето на Националниот парк, како и од законските прописи со кои е уредена заштитата од пожари, ЈУНП „Галичица“ развива свои ресурси за управување со пожарите, но истовремено во голема мерка се потпира и на ресурсите на другите институции, како:

- ⇨ општината Охрид со противпожарни единици и комунални претпријатија,
- ⇨ општината Ресен со противпожарни единици и комунални претпријатија,
- ⇨ ресурсите на министерствата, како:
    - ↳ Министерството за земјоделство шумарство и водостопанство,
    - ↳ Министерството за животна средина и просторно планирање,
    - ↳ Полиција,
    - ↳ Армија,
- ⇨ сили за заштита и спасување (од земја и од воздух) на Дирекцијата за заштита и спасување,
- ⇨ Црвен крст,
- ⇨ други невладини организации.

За успешно управување со пожарите и рационално користење на ресурсите, ЈУНП „Галичица“ развива комуникација, координација и соработка.

## 9. Протоколи за комуникација, координација и соработка за време на спроведување на вежбовните активности

Заради навремено, успешно и ефикасно постапување при локализирање и гасење на пожарите на отворен простор, треба да биде во согласност со:

- ⇨ Законот за управување со кризи („Сл. весник на РМ“ бр.29/2005),[4]
- ⇨ Законот за заштита и спасување („Сл. весник на РМ“ бр.93/12),[5]
- ⇨ Законот за пожарникарство („Сл. весник на РМ“ бр.67/04),[6]
- ⇨ Законот за шумите („Сл. весник на РМ“ бр.47/97),[7]
- ⇨ Правилникот за посебните мерки за заштита на шумите од пожари („Сл. весник на РМ“ бр.69/01),[8].
- ⇨ Уредбата за утврдување на оперативните постапки за меѓусебна комуникација, координација, соработка и постапување на субјектите во системот за управување со кризи (Сл. Весник на РСМ, број 27 од 9 февруари 2018)[9]

Овие закони ја утврдуваат постапката  на дејствување и ги образложуваат сите чекори во справување со овие несреќи, се однесува на сите субјекти кои може да бидат инволвирани во случај на овие несреќи, до моментот на ангажирање на Главниот штаб или мобилизација на единиците, односно, кога стапува во сила Стандардната оперативна процедура за ангажирање на единиците при Дирекцијата за заштита и спасување а субјектите инволвирани во случај на овие несреќи се ангажираат по моделот на постапност при што прво реагира ЈУНП „Галичица“, потоа општините Охрид и Ресен (ТППЕ, комунални претпријатија и просторни сили за заштита и спасување од пожари), Републиката (органи на државна управа со нивните организациони единици)  и на крај помош од меѓународната заедница.

Согласно Годишниот оперативен план за заштита од пожари на ЈУНП „Галичица“ од установата  за време на вежбата „Првичен одговор 2025“ се очекува:

- ⇨ Првичен одговор со ПП тимови,
- ⇨ Прифаќање на доброволци,
- ⇨ Држење на пожарот под контрола,
- ⇨ Командување со сопствените сили до пристигнувањето на ТППЕ Охрид,

---

[4] Законот за управување со кризи („Сл. весник на РМ“ бр.29/2005)
[5] Законот за заштита и спасување („Сл. весник на РМ“ бр.93/12)
[6] Законот за пожарникарство („Сл. весник на РМ“ бр.67/04)
[7] Законот за шумите („Сл. весник на РМ“ бр.47/97)
[8] Правилникот за посебните мерки за заштита на шумите од пожари („Сл. весник на РМ“ бр.69/01)
[9] Уредбата за утврдување на оперативните постапки за меѓусебна комуникација, координација, соработка и постапување на субјектите во системот за управување со кризи (Сл. Весник на РСМ, број 27 од 9 февруари 2018)

- ⇨ Стручна помош на овластеното лице од ТППЕ во командувањето,
- ⇨ Поддршка на ТППЕ во гаснењето,
- ⇨ Учество во контрола на движењето и престој во паркот,
- ⇨ Организирана комуникација и координација со другите субјекти.

Согласно своите надлежности, од другите субјекти за време на вежбата се очекува:

- ⇨ Од ТППЕ Охрид и Ресен вклучување во гаснењето на пожарот и преземањето на командата со целокупната акција за гаснење,
- ⇨ СВР Охрид обезбедување на просторот и контрола на движење во просторот за вежбање,
- ⇨ ИМП Охрид медицинска помош во случај на потреба,
- ⇨ Општина Охрид вклучување во гаснење со просторни сили за заштита од пожари, вклучување на Јавни комунални претпријатија за дотур на вода за гаснење и и обезбедување на храна и вода за лицата кои гаснат подолго од 4 часа,
- ⇨ ООЦК Охрид обезбедување со вода за пиење, помош при гаснење, санитетско обезбедување и учество во логистичко обезбедување за учесниците на вежбата (сендвичи, сокчиња, вода и сл.),
- ⇨ ДЗС Охрид вклучување со тим за брз одговор за пожар и првична проценка на ситуација,
- ⇨ РЦУК Охрид комуникација и координација со користење на Европскиот број за итни повици 112.

Наведените очекување ќе бидат предмет на чек листите за евалуација на вежбата.

Заради краткото време за изведување на вежбата не би можело да се игра и провери изработката на ситуационите извештаи, нивната намена и доставување до политичките структури и до јавноста за кои ЈУНП „Галичица“ би требало да има одговори со податоци по следното:

- ⇨ Извор на пожарот,
- ⇨ Датум, време, локација, место и начин на случувањето на пожарот,
- ⇨ Вид на пожарот,
- ⇨ Поединечни карактеристики за пожарите,
- ⇨ Инцидент командир,
- ⇨ Првична процена за развојот на ситуацијата за следните 24/48/72 часа,
- ⇨ Можни последици од пожарите:
    - ↳ Оштетување на електродистрибутивната мрежа,
    - ↳ Оштетување на водоводната мрежа,

- Оштетување на телекомуникациските мрежи,
- Оштетување на сообраќајната инфраструктура,
- Оштетување на објекти и друга инфраструктура,
- Штети во земјоделието и шумарството,
- Останати штети.

⇨ Преземени мерки:

- Употребени ресурси (по институции),
- Материјално – технички ресурси,
- Човечки ресурси,
- Згрижување (број на лица),
- Евакуација (број на лица, км/радиус, прифатни центри и сл.),
- Останато.

⇨ Известени субјекти,

⇨ Ангажирани средства,

⇨ Потребна дополнителна помош:

- Тимови,
- Материјални средства,
- Експерти.

⇨ Останати податоци кои ќе произлезат од моменталната и дополнително настанатата состојба и соодветните надлежности на субјектите во СУК кои се на лице место на настанот.

## 10. ИЗБОР НА ЛОКАЦИЈА НА ТЕРЕНОТ ЗА ВРЕМЕ НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ВЕЖБОВНИТЕ АКТИВНОСТИ

Изборот на локација се изврши во согласност со законската регулатива, целите на вежбовните активности, надлежностите и одговорностите на ЈУНП „Галичица“ и другите надлежни субјекти.

Планираните вежбовни активности ќе се спроведат во Националниот парк Галичица, во близина на Крстоцница на Регионалниот пат Р 504 и локалниот пат кон врвот Лаки Сигно, н.в 1,6100 м, во близина на  Планинарскиот дом Спиридон.

Самата вежбовна просторија опфаќа површина од приближно 3 км$^2$ , односно 300 ха од планината Галичица.




**Скица на вежбовната просторија**



**Планинска куќа Спиридон**

## 11. ПРОЦЕНА НА ЗЕМЈИШТЕТО ЗА ВРЕМЕ НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ВЕЖБОВНИТЕ АКТИВНОСТИ

По изборот на локацијата, извршена е проценка на земјиштето, во која се опфатени сите сегменти потребни за непречено и безбедно одвивање на вежбовните активности. Опфатеноста на сите неопходни сегменти се содржи од:

- ⇨ проценка на геолошки услови,
- ⇨ проценка на географски услови,
- ⇨ проценка на геостратешки услови,
- ⇨ проценка на релјефни услови и
- ⇨ проценка на климатски услови.

За непречено одвивање на вежбовните активности и држење под контрола, доколку под влијание на метеоролошки промени се создадат отежнати услови и губење на контрола над вежбовните активности.

## 12. ОПИС И ПРОЦЕНА НА ПРИСТАПНИТЕ ПАТИШТА ВО ЈУНП „ГАЛИЧИЦА“, ЗА ВРЕМЕ НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ВЕЖБОВНИТЕ АКТИВНОСТИ

Низ Националниот пакт поминува Регионален пат Р 2322 с. Трпејца-Царина кој е асфалтен, но има и испресечена мрежа на одржувани црни патишта и патеки кои што не ги достигнуваат стандардите на тампониран пат. Тоа значи, дека шумските патишта биле градени на геолошки и морфолошки несоодветна подлога и немаат соодветна надолжна и попречна наклонетост, а исто така немаат тампонирана и менаџирана површина, контролирано и регулирано надолжно и попречно одводнување, пропусти, заштитени падини и насипи.

Со цел ефикасно спроведување на вежбовните активности, изготвена е процена на пристапните патишта и опис на делниците кои ќе се користат за пристап на возилата и лицата кои ќе учествуваат. За изготвување на описот и проценката на пристапните патишта се користат топографски карти за одредената локација, како и увид и проверка од проценителите на избраниот терен за изведување на вежбовните активности.

Описот и проценката ќе послужат за проверка на ефикасноста на надлежните институции за излегување на терен споредено со времето на јавување, условите и правилата во споредба со одредени стандарди и успешни приказни на слични локации со слични услови

## 13. ПРОЦЕНА НА КЛИМАТСКИТЕ И ВРЕМЕНСКИТЕ УСЛОВИ ЗА ВРЕМЕ НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ВЕЖБОВНИТЕ АКТИВНОСТИ

Врз основа на расположивите архивски и актуелни податоци од метеоролошката станица во Охрид, со анализа за периодот на спроведување на вежбата и за микролокацијата на вежбата е изготвена процена на климатските услови кои би се створиле за време на вежбовните активности. Изработената анализа и проценка на климатските услови на микролокацијата ќе овозможи планираната активност ефективно, ефикасно и безбедно да се спроведе.

Специфичната географска и топографска положба на **Охридскиот регион** ја карактеризираат две зонални клими. Субмедитеранска, со поголемо или помало вкрстосување со континентална, чија испреплетеност на регионот му даваат посебен белег – долги топли лета со високо среднодневни температури и намалено годишно количество врнежи, намалени зимски температури и појава на ветрови од сите правци.

Податоците за клима се според Лазаревски (1993) и Планот за управување со Национален парк Галичица за периодот 2021-2030 година (2020). Климата во Охридската Котлина припаѓа на топлото континентално климатско подрачје опфаќајќи го просторот до околу 800 m. н.в, а климата во Преспанската Котлина припаѓа на умерено континентално климатско подрачје, до надморска висина од околу 1 100 m. Врнежите во Охридската и Преспанската Котлина се условени од медитеранскиот плувиометриски режим. Поголемиот дел од годишните врнежи паѓаат во ладниот дел од годината, со максимум во доцна есен, а помал во топлиот дел, со минимум во летните месеци. Просечната годишна сума на врнежите во Охридската Котлина е 708,3 mm, а во Преспанската Котлина е 730,1 mm.

Најврнежлив месец е ноември, а потоа следи јануари, додека најмалку врнежи има во јули и август. Ладното континентално климатско подрачје ги опфаќа деловите од Галичица со надморска висина од 1 100 до 1 700 m. За време на вегетациониот период просечната температура на воздухот изнесува 12,6°C, а есента (8,3°C) е потопла од пролетта (6,7°C). Распоредот на врнежите е неправилен, зимата со 335 mm воден талог и есента со 326 mm се најврнежливи, додека летото со 138 мм воден талог е најсув период. За време на вегетациониот период паѓаат 379 mm воден талог или 35,5% од вкупната сума на врнежи.

Високопланинско климатско подрачје се протега на надморска висина од 1 700 до 2 200 m. Температурата на воздухот за време на вегетациониот период просечно изнесува 9,6°C. Есента (5,8°C) е потопла од пролетта (4,2°C). Зимата со 439 mm и есента со 426 mm воден талог, се највлажни периоди во годината. За

време на вегетациониот период во ова климатско подрачје паѓаат 491 mm воден талог или 35,2% од вкупната сума на врнежи.

## 14. ПЛАН ЗА ВЕЖБОВНИТЕ АКТИВНОСТИ

Планот за иницијалната, планирачката и конференцијата за евалуација, како и самото изведување на вежбата се планира според следната

**А Г Е Н Д А**

за теренска вежба „Првичен одговор 2025“
во рамките на проектот „Заштита на пештерските екосистеми и загрозените растителни и животински видови во Националниот парк Галичица од негативните ефекти на климатските промени“

**Учесници на активноста:**

- ⇨ Координатор на проект,
- ⇨ вработени во ЈУНП Галичица и
- ⇨ претставници од институциите (општини Охрид и Ресен, ДЗС Охрид, СВР Охрид, Гранична полиција, ТППЕ Охрид, ИМП Охрид, Црвен крст Охрид и Планинска спасителна служба).

**Место на активноста:** за конференциите сала на ЦКРСМ Охрид и за вежбата терен на планина Галичица во близина на Планинарски дом „Спиридон“.

**Превоз:** Во организација на ООЦК Охрид

| Дата | Време | Активност |
|---|---|---|
| **Иницијална** конференција (траење еден ден)<br><br>**Планирачка** конференција (траење еден ден)<br><br>Овие конференции треба да завршат еден месец пред почеток на вежбата | **09:00 до 09:30** | Прифат, регистрација и запознавање меѓу чесниците |
| | **09:30 до 10:30** | иницијално запознавање со Планот за справување со пожари на отворен простор за ЈУНП „Галичица“<br>идеата за практична вежба,<br>предлагање цели на вежбата,<br>учесници за вежбата,<br>начин на изведување на вежбата,<br>планирана логистика,<br>евалуација на вежбовните активности,<br>раководител на проектот, |

| Дата | Време | Активност |
|---|---|---|
| | | раководител на вежбата,<br>раководно лице од ЈУНП Галичица |
| | **10:30 до 11:00** | пауза за кафе |
| | **11:00 до 13:30** | дискусија од учесниците и искажување подготвеност за учество на вежбата со тимови и поединци принципи:<br>1. организаторот е подготвен да го дополни идејното решение за вежбата со супозиции за потребите на учесниците<br>2. сите се добредојдени, но може да се вежба и без секого освен носителот на планот за справување со пожари на отворен простор за национален парк Галичица – ЈУНП Галичица<br>сите учесници |
| | **13:30 до 14:00** | заклучни согледувања и<br>начелен договор за термин за главна планирачка конференција,<br>начелен договор за термин за ден за вежбата и договарање за декларирање на тимови и сили до организаторот на вежбата<br>раководител на проектот<br>раководител на вежбата<br>раководно лице од ЈУНП Галичица |
| Главна планирачка конференција Еден ден (најмалку две недели пред вежба) | **09:00 до 09:30** | Прифат и регистрација |
| | **09:30 до 10:30** | Напредок на подготвителните активности за изведување на вежбата |
| | **10:30 до 11:00** | Кафе пауза |
| | **11:00 до** | Дискусија за декларираните сили (тимови за вежба и поединци) и тим за евалуација |

| Дата | Време | Активност |
|---|---|---|
| | **13:00** | Сите учесници |
| | **13:00 до 14:00** | заклучни согледувања, определување за ден за вежбата и определување на почетните позиции на денот на вежбата |
| Ден на практична вежба на терен | **до 10,00** | Заминување на лицата планирани за теренски активности кон локацијата за распоредување на планината Галичица |
| | **10:00** | Почеток на вежба и свечемо отворање |
| | **10:00 до 12:00** | Тек на вежба по сценарио |
| | **12:00 до 13:00** | Собирање на опрема, првични впечатоци и поделба на сертификати за учество на вежба |
| | | Освежување (сендвичи и сокчиња – алтернатива ручек во планинарски дом) |
| Евалуација на вежбата<br>Најмногу еден месец по вежбата | **09:00 до 09:30** | Прифат и регистрација |
| | **09:30 до 10:30** | Извештај од тимот за евалуација<br>Раководител на тим за евалуација |
| | **10:30 до 11:00** | Кафе пауза |
| | **11:00 до 13:00** | Дискусија за научени лекции<br>Сите учесници |
| | **13:00 до 14:00** | заклучни согледувања и споделување на идеи за идна меѓусебна соработка |

**КООРДИНАТОР НА ВЕЖБАТА:**

______________________________

## 15. СЦЕНАРИО ЗА ВЕЖБОВНИТЕ АКТИВНОСТИ ЗА ГАСЕЊЕ НА ПОЖАР НА ОТВОРЕН ПРОСТОР ВО ЈУНП „ГАЛИЧИЦА“

Сценарио за вежбовните активности за гасење на пожар на отворен простор во ЈУНП „Галичица“ „ПРВИЧЕН ОДГОВОР 2025“, со ангажирање на ПП тимовите за прв одговор на ЈУНП „Галичица“ и другите субјекти надлежни за справување со пожари од Охридскиот регион-2025 год.

| Точка | Време | Локација | Опис | Активност | Носител/ учесници | Средства |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | 10:00 часот | Планинарски дом „**Спири дон“** | **Почеток на вежбата**<br><br>Дојава по мобилен телефон до бројот за итни повици 112 од страна на група рекреативни планинари од истражувачко друштво" УРСУС СПЕЛЕОС“ за забележан пожар на тревна површина и ниска вегетација во ЈУНП Галичица помеѓу Регионалниот пат Р 504 и локалниот пат кон врвот Лаки Сигној.<br><br>Околу 08:30 часот, од подалечна дистанца забележале една групи на планинари рекреативци , како се движат по патот кон врвот и со оглед на локацијата на пожарот би можеле да бидат загрозени. | Прием на дојавата по мобилен телефон од страна на дежурниот оперативец на бројот за итни повици 112.<br><br>Нејзина обработка според СОП (идентификација, детализирање и сл.) | Турист/ рекреативен планинар<br><br>Оперативен дежурен во ЦУК 112;<br><br>Конференциска врска со ТППЕ Охрид, СВР Охрид, ИМП Охрид и РЦУК Охрид<br><br>Телефонски разговор до: РЦУК Охрид-ЈУНП „Галичица“, Црвен крст Охрид и ППС | Мобилни телефони и Интегриран систем 112<br><br>(При дојавата секогаш се потенцира дека станува збор за **ВЕЖБА** за да се дистанцира од редовните дојави |

| Точка | Време | Локација | Опис | Активност | Носител/ учесници | Средства |
|---|---|---|---|---|---|---|
|  | | | | | | |
| 2 | | Почеток на пожар – 1620 мнв<br>координати  40°57'25.212221040515193"<br>координати 20°49'34.5452555794501" | | | | |
| 3 | 10:10 часот | ЈУНП „Галичица“ | Мобилизирање на ЈУНП „Галичица“<br><br>Постапување по информациите од РЦУК Охрид и Планот за Планот за справување  со пожари на отворен простор за ЈУНП Галичица<br><br>Прифат на доброволци на местото на настанот (членови  од Урсус спелеос и ПСС) | Мобилизирање на сопствените мобилни тимови/оперативни сили за гаснење на пожари на отворен простор во ЈУНП „Галичица“ | Раководител на одделението за одржливо користење на природните ресурси во ЈУНПГ<br><br>Директор на ЈУНПГ;<br><br>Самостоен референт – магационер во ЈУНПГ<br><br>Вработени, припадници на мобилните тимови за гаснење пожари | Тел. централа Мобилен телефон Радиоврски опрема за ПП заштита на ЈУ НП Галичица |

| Точка | Време | Локација | Опис | Активност | Носител/ учесници | Средства |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 4. | 10:10 часот | ТППЕ Охрид | Мобилизирање на ТППЕ Охрид<br><br>Постапување по информациите, и процедурите во случај на пожар во ЈУНП Галичица | Мобилизирање на сопствените мобилни тимови/оперативни сили за гаснење на пожари на отворено со едно возило на ТППЕ Охрид | Командир на ТППЕ Охрид<br>Дежурен командир на смена во ТППЕ Охрид<br>Вработени, припадници пожарникари од ТППЕ Охрид (еден тим) | Тел. централа<br>Мобилен телефон<br>Радиоврски |
| 5. | 10:20 часот | Близина на Крстоцница Регионалниот пат Р 504 и локалниот пат кон врвот Лаки Сигној. , н.в 1,610 м, Регионален пат испод Планинарскиот дом Спиридон | Пристигнување на локација<br><br>Пристигнување на првите мобилни тимови на ЈУНП Галичица и лица спелеолози и припадници на Урсус спелеос кои доброволно би се вклучиле во гаснење за гаснење на пожарот на отворен простор | Пристигнување на првите мобилни тимови на ЈУНПЈ за гаснење на пожар на отворен простор<br><br>Брз увид во теренската состојба;<br><br>Проценка на актуелната состојба;<br><br>Изготвување план за дејство на мобилните тимови; | Припадници на мобилните тимови од вработени во ЈУНП Галичица и доброволци<br><br>Нивно распоредување и координација | Теренски возила за превоз на лица;<br><br>Теренско возило цистерна за дотур на вода;<br><br>Мото крос возило<br><br>Напртњачи;<br>Гребла<br>Средства за радио врска;<br>Моторни пили и друга посебна опрема;<br>Лична заштитна опрема;<br>НИКС систем |

Карта на пожарот



| Точка | Време | Локација | Опис | Активност | Носител/ учесници | Средства |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 6. | 10:40 часот | ЈУНП Галичица и ПСС | Понатамошно постапување на ЈУНПГ и ПСС по добиената информација за движење на групата планинари во загрозеното подрачје | Започнување постапка за пребарување и спасување на групата планинари и нивна евакуација | Тим од ПСС | Опрема на ПСС |
| 7 | 10:30 часот | | Пристигнување на локација<br><br>Пристигнување на ТППЕ Охрид за гаснење на пожар на отворен простор | Брз увид во теренската состојба;<br><br>Проценка на актуелната состојба;<br><br>Изготвување план за дејство на мобилните тимови;<br><br>Превземање на команда од одговорното лице од ТППЕ Охрид во соработка со Раководителот на одделението за одржливо користење на природните ресурси во ЈУНПГ<br><br>Известување до РЦУК Охрид и ДЗС Охрид | Припадници на мобилните тимови од вработени во ЈУНПГ и<br><br>ТППЕ Охрид;<br><br>Командир на инцидентот од ТППЕ Охрид/<br><br>одговорни на групите и прифатените доброволци | Теренски возила за превоз на лица;<br><br>Теренско возило цистерна за дотур на вода;<br><br>Грбни прскалки;<br><br>Гребла<br><br>Метли<br><br>Лопати<br><br>Средства за радио врска;<br><br>Моторна пили и<br><br>друга посебна опрема;<br><br>Лична опрема |
| 8 | 10:35 часот | | Барање помош | Повик за дополнителни сили од ЈУНП Галичица,<br><br>општина,<br><br>комунално претпријатие,<br><br>ТППЕ Ресен,<br><br>МВР и | Командир на инцидентот од ТППЕ Охрид,<br><br>тим од општина, комунално,<br><br>тим од ТППЕ Ресен,<br><br>тим од ДЗС | Сили за гаснење,<br><br>Сили за обезбедување на регионалниот пат,<br><br>вода за гаснење и |

| Точка | Време | Локација | Опис | Активност | Носител/ учесници | Средства |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | ОО Црвен Крст Охрид | Тим на МВР за обезбедување и<br>екипа од Црвен крст за санитетско згрижување и поделба на храна и вода (За ангажман на тимот од ТППЕ Ресен ообрува ДЗС) | вода за пиење и<br><br>санитетско обезбедување |
| 9. | 11:00 часот | | Проширување на пожарот<br><br>Поради сувата вегетација, силниот ветер од Југоисточен правец доаѓа до интензивирање на пожарот и негово ширење во појас покрај Локалниот пат кон врвот Лаки Сигној н.в. 1645 м. | Пристигнување на дополнителни тимови на ЈУНПГ,<br><br>комунално Охрид,<br><br>ТППЕ Ресен и<br><br>ПП тим од ДЗС Охрид<br><br>Нивно запознавање со теренската состојба и проценка на актуелната состојба;<br><br>Изготвување на план за дејство на здружените тимови и нивно прераспоредување и координација;<br><br>Известување до РЦУК Охрид | Оперативен дежурен во РЦУК Охрид:<br><br>Вработени во ЈУНПГ<br><br>Пожарникари од ТППЕ-Охрид и Ресен;<br><br>тим од ДЗС, и<br><br>доброволци од Црвен Крст Охрид,<br><br>ПСС и<br><br>Урсус спелеос<br><br>Просторни сили од локалното население од општина Охрид | Теренски возила за превоз на лица;<br><br>Теренско возило цистерна за дотур на вода;<br><br>Напртњачи;<br><br>Гребла;метли, лопати<br><br>Средства за радио комуникација<br><br>Моторни пили и друга посебна опрема;<br><br>Лична заштитна опрема; |

| Точка | Време | Локација | Опис | Активност | Носител/ учесници | Средства |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Карта со распоред на силите   | | | | | | |
|  | | | | | | |
| 10. | 11:30 часот | Близина на врв Сигни Лакој | Пронајдена е групата планинари | Информација од тимот на ПСС дека планинарите од загрозеното подрачје се пронајдени<br><br>се пронајдени, живи и здрави, под психолошки стрес од состојбата. | Оперативен дежурен во РЦУК Охрид, претставник од општината Охрид, СВР охрид, ПСС, ОО Црвен крст Охрид | Телефони, радиоврски и др. средства за комуникација Опрема на ПСС Медицинска опрема за итна помош |

| Точка | Време | Локација | Опис | Активност | Носител/ учесници | Средства |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Тимот на ОО Црвен крст-Охрид ги прифаќа, згрижува и им пружа прва помош. | | |



| Точка | Време | Локација | Опис | Активност | Носител/ учесници | Средства |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 11 | 11,30 | Место на пожарот | Пожарот е Локализиран<br><br>Се проценува дека нема потреба од дополнителни сили и дека наскоро целосно ќе биде изгаснат | Одговорно лице од ТППЕ Охрид,<br><br>Раководителот на одделението за одржливо користење на природните ресурси во ЈУНПГ и<br><br>раководителот на тимот од ДЗС<br><br>Известување до РЦУК Охрид и ДЗС Охрид (известува ЈУНПГ) | Мобилен телефон | |

| Точка | Време | Локација | Опис | Активност | Носител/ учесници | Средства |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 12. | 12:00 | Близина на Планинарски дом Спиридон | Гасење на пожарот на подрачјето на Национален парк Галичица | Дејство на<br><br>ЈУНП Галичица,<br><br>ТППЕ Охрид и Ресен и другите надлежни субјекти<br><br>континуирано информирање и меѓусебна координација на тимовите | Вработени во ЈУНПГ<br><br>Пожарникари од ТППЕ-Охрид и Ресен;<br><br>општина Охрид,<br><br>комунално Охрид,<br><br>тим од ДЗС, и<br><br>доброволци од Црвен Крст Охрид,<br><br>ПСС и<br><br>Урсус спелеос | Теренски возила за превоз на лица;<br><br>Теренско возило цистерна за дотур на вода;<br><br>Напртњачи; Гребла;метли, лопати<br><br>Средства за радио комуникација<br><br>Моторни пили и друга посебна опрема;<br><br>Лична заштитна опрема; |
| 13 | 10:10 до 12,00 крајот на пожарот | Влез во НП од Охридска и Ресенска страна | Посебен режим на влез во НП само на тимови за одговор на пожарот | Контролирано движење | Лица од ЈУНПГ и припадници на МВР | Возила, мобилни телефони и радио врски |
| 14 | 10:00-12:00 | Близина на Планинарски дом Спиридон | Санитетско обезбедување | ТИМ од ИМП Охрид и<br><br>тим за прва помош од ОО Црвен крст Охрид | Вработени во ИМП Охрид и<br><br>лица од ОО ЦК Охрид | Специјализирано возило и санитетски комплети |

| Точка | Време | Локација | Опис | Активност | Носител/ учесници | Средства |
|---|---|---|---|---|---|---|
|  | | | | | | |
| 15 | 12:00-13:00 | Опожарено подрачје | Следење на опожарените области | Чување стража да не дојде до обновување на пожарот | Тим од ЈУНП Галичица | Грбна прскалка, метла и гребло |
| 16 | 12-12:30 | | Собирање на употребена опрема | | Сите учесници | |
| 17 | 12:30-13:00 | Близу Планинарски дом Спиридон | Првични впечатоци | Пополнување евалуациски прашалници | Тим за евалуација и Најмалку по едно лице од сите инволвирани учесници и набљудувачи | Евалуациски прашалници и пенкала |
| 18 | 12:30-13:00 | Место на пожарот | Првична процена на штети | Површина и видови растенија кои изгореле | ЈУНПГ Галичица | Фотоапарат, дрон и слично |

| Точка | Време | Локација | Опис | Активност | Носител/ учесници | Средства |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 19 | 13:00-13:30 | Близу Планинарски дом Спиридон | Крај на вежбата | Поделба на сертификати за учество | Градоначалник на Охрид, Директор на ЈУНП Галичица и раководител на проект | Изработени сертификати |
| 20 | 13:30 | Близу Планинарски дом Спиридон | Освежување | Поделба на сендвичи и сок (алтернатива пакуван оброк) | ОО Црвен крст Охрид | Сите учесници |

## 16. ПЛАН ЗА ПОДГОТОВКИ НА ИНСТИТУЦИИТЕ ВКЛУЧЕНИ ВО ИЗВЕДУВАЊЕ НА ВЕЖБОВНИТЕ АКТИВНОСТИ

Со темата на вежбовните активности, целите и задачите, меѓусебната соработка и координација за постапување и спроведување на соодветните протоколи и стандардни процедури за справување со пожари благовремено ќе се спроведат една иницијална и една Главна планирачка конференција, како и преку редовната координација од страна на организаторите на вежбата ОО на Црвен крст Охрид и ЈУНП Галичица.

На главната планирачка конференција и редовната координација со организаторите на вежбата ќе се изврши детално пополнување на:

- ⇨ Преглед на учесници за организирање и спроведување на теренска вежба за гасење на пожар на отворен простор во Национален парк Галичица - „ПРВИЧЕН ОДГОВОР 2025“,
- ⇨ Преглед на моторни возила кои ќе бидат вклучени во вежбовната активност за гасење на пожар на отворен простор во Национален парк Галичица - „ПРВИЧЕН ОДГОВОР 2025“,
- ⇨ Преглед на материјални средства за логистичка поддршка на вежбовните активности.

ПРЕГЛЕД

на учесници за организирање и спроведување на теренска вежба за гасење на пожар на отворен простор во Национален парк Галичица - „ПРВИЧЕН ОДГОВОР 2025“

| **Ред. бр** | **Институција** | **Одговорно лице** | **Телефон** | **Учесници** | **Забелешка** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Градоначалник | градоначалник на општина Охрид | | | |
| 2. | ЈУНП „Галичица“ | Директор | | 10 лица | |
| 3. | локална самоуправа Охрид | НН | | 3 лица тим | |
| 4. | ЈП Охридски комуналец | | | | |
| 5. | ЈП Водовод | | | | |
| 6. | ТППЕ Охрид | командир на ТППЕ Охрид | | 5 пожарникари | |
| 7. | ТППЕ Ресен | командир на ТППЕ Ресен | | 3 пожарникари | |
| 8. | ИМП Охрид | раководител | | 3 лица | |
| 9. | СВР Охрид | Началник | | 5 полицајци | |
| 10. | ООЦК Охрид | | | 10 волонтери | |
| 11. | ПСС | | | 3 припадници | |
| 12. | ИД „Урсус спелеос“-Скопје | | | 5 лица | (за дојава и маркиранти) |
| 13 | ПО ДЗС Охрида | раководител на ПО ДЗС Охрид | | 3 лица | |
| 14. | РЦУК Охрид | раководител | 112 | 2 лица | |
| | | | | | |

ПРЕГЛЕД

на моторни возила кои ќе бидат вклучени во вежбовната активност за гасење на пожар на отворен простор во Национален парк Галичица - „ПРВИЧЕН ОДГОВОР 2025“

| **Ред. бр** | **Институција** | **Моторно возило** | **Забелешка** |
|---|---|---|---|
| 1. | ЈУНП Галичица | ? теренски возила | |
| 2. | Локална самоуправа Охрид | ? теренски возила | |
| 3. | ЈП Охридски комуналец | ? возило цистерна | |
| 4. | ЈП Водовод | ? возило цистерна | |
| 5. | ТППЕ Охрид | ? ПП возило | |
| 6. | ТППЕ Ресен | ? ПП возило | |
| 7. | ИМП Охрид | ? теренско возило | |
| 8. | СВР Охрид | ? теренски возила | |
| 9. | ОО ЦК Охрид | ? теренско возило | |
| 10 | ПСС | ? теренско возило | |
| 11 | ПО ДЗС Охрида | ? теренско возило | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| ВКУПНО: | | ?? возила | |

# П Р Е Г Л Е Д
## на материјални средства за логистичка поддршка на вежбовните активности

| Ред. бр. | Средство | Единица мерка | Коли- чина | Место | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | ПП апарат С-6 | парче | 3 | вежбовна просторија | На работните точки |
| 2. | лопата | парче | 6 | - II - | На секоја работна точка по два броја |
| 3. | ПП метла/гребло | парче | 6 | - II - | На секоја работна точка по два броја |
| 4. | песок сепариран | $м^3$ | 3 | - II - | За покривање на огнот на работните точки |
| 5. | дрвени колци | парче | 30 | - II - | За обележување на вежбовната просторија |
| 6. | рачен алат (клешти, бор машина, чекан, тесла...) | комплет | 1 | - II - | За обележување на вежбовната просторија |
| 7. | Сместување за одмор | парче | 1 | Пл. дом „Спиридон" | По укажана потреба на некој од учесниците |
| 8 | Метални буриња пресечени на половина со горлив материјал | парче | 3 | | За симулација на пожар |
| 9 | Изнајмување опрема за симулација на чад | Комплет | 2 | Вежбовна просторија | Алтернатива на метални буриња |
| 10. | рачни радиостаници | парче | 5 | - II - | За остварување на врска помеѓу координаторот на вежбата и маркирантите на работните точки |
| 11. | вода за пиење од о,5 л | парче | 60 | - II - | За ВИП гостите и учесниците на вежбата |
| 12. | мегафон | Парче | 1 | - II - | За ВИП гостите и учесниците на вежбата |
| 13. | Изнајмување на озвучување | Комплет | 1 | | |
| 14. | лап топ компјутер | Парче | 1 | ОО ЦК Охрид | За конференциите |
| 15. | ЛЦД проектор | Парче | 1 | - II - | - II - |
| 16. | флип чарт | Парче | 1 | - II - | - II - |
| 17. | рефлектирачки елеци | Парче | 20 | ОО ЦК Охрид | За маркирантите и волонтерите |
| 18. | дрон | парче | 1 | ОО ЦК Охрид | За снимање на сцените од вежбата |
| 19. | фотоапарат | парче | 2 | ОО ЦК Охрид | За фотографирање на сцените |
| 20. | | | | | |
| 21. | | | | | |
| 22 | | | | | |

Одговорни лица за логистика: 1. НН 2. НН

## 17. МЕДИЦИНСКО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ЗА ВРЕМЕ НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ВЕЖБОВНИТЕ АКТИВНОСТИ

Планирано е медицинско обезбедување од екипа на Итната медицинска помош Охрид и ангажирана екипа од редот на обучени волонтери на Општинската организација на Црвениот крст Охрид, кои, во согласност со стандардните процедури, ќе спроведат и тријажа за сите учесници во вежбата, на лице место, пред да бидат вклучени во вежбовните активности, како здравствена превентива и попречување на евентуални несакани последици по здравјето на учесниците во вежбата.

## 18. ПРОТИВПОЖАРНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА РАБОТНИТЕ ТОЧКИ ОД ВЕЖБАТА.

Во согласност со планираното сценарио, ангажираните сили, средства и опрема на поединечните работни точки, извршена е процена и планирано е соодветно противпожарно обезбедување на пунктовите со лица, ПП апарати, прирачни средства и процедури за спроведување на обезбедувањето.

На сите работни точки е предвидено по едно лице кое е обучено за гасење на почетни пожари, и по еден апарат за суво гасење на пожари С-6, ПП гребло и лопата.

## 19. ПЛАН ЗА ВРСКИ ЗА ВРЕМЕ НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ВЕЖБОВНИТЕ АКТИВНОСТИ

Планот за врски го изработуваат ООЦК Охрид во соработка со РЦУК Охрид.

Планот за врски содржи броеви на мобилните телефони на учесниците на вежбата со нивните функции при спроведувањето на вежбата.

Врските помеѓу сите учесници вклучени во изведувањето на вежбовните активности ќе бидат со мобилни телефони, а помеѓу координаторот/директорот на вежбата и лидерите на тимовите на другите субјектите, учесници на вежбата, и со рачни и колски радио станици од стандардната нивна опрема и тоа по шема која е составен дел од овој план.

## 20. ЧЕК ЛИСТИ (ЛИСТИ ЗА ПРОВЕРКА) И ЛИСТИ ЗА ИЗВЕШТАЈ ЗА ЕВАЛУАЦИЈА НА ВЕЖБОВНИТЕ АКТИВНОСТИ

Во согласност со позитивните законски прописи за гасење на пожари на отворен простор, стандардните оперативни процедури и протоколи, оперативни планови и други документи по кои актуелно постапуваат вклучените институции во вежбата, тимот за евалуација изготвува листи за проверка на истите во моментот на изведување на вежбата, и тоа:

- ⇨ листа за ЈУНП Галичица,
- ⇨ листа за ТППЕ,
- ⇨ листа за Раководител на акцијата за гасење,
- ⇨ листа за екипите за гасење,
- ⇨ листа за екипи за логистика.

Во листите опфатени се:

- ⇨ целите на вежбата, а кои се однесуваат на: координацијата на учесниците,
- ⇨ управувачката структура на вежбата,
- ⇨ водење на интервенцијата на терен,
- ⇨ мобилизацијата на оперативните сили,
- ⇨ употребата на средствата за врски,
- ⇨ управувањето со информациите,
- ⇨ почитувањето на заштитните мерки,
- ⇨ користењето на специјалистичката опрема,
- ⇨ подготовката на вежбовната просторија,
- ⇨ безбедноста на вежбата,
- ⇨ динамиката на вежбата,
- ⇨ имплементацијата на сценариото на вежбата,
- ⇨ логистичката поддршка,
- ⇨ улогата на маркирантите,
- ⇨ организацијата на работата.

Пополнетите листи за проверка (од страна на вклучени луѓе за евалуација) ќе имаат за цел да ги детектираат и нотираат слабите и јаките страни при постапувањето и спроведувањето на процедурите и постапките.

Подоцна, на заеднички состанок-анализа на вежбата, евалуаторите ќе пополнат и образец за извештај до директорот на вежбата, кои извештаи ќе бидат составен дел на финалниот извештај.

## 21. ФИНАНСИСКА КОНСТРУКЦИЈА ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ И СПРОВЕДУВАЊЕ НА ТЕРЕНСКАТА ВЕЖБА ЗА ГАСЕЊЕ НА ПОЖАР НА ОТВОРЕН ПРОСТОР ВО НАЦИОНАЛЕН ПАРК ГАЛИЧИЦА - „ПРВИЧЕН ОДГОВОР 2025“

Финансиските трошоци за спроведување на теренската вежба за гасење на пожар на отворен простор во Национален парк Галичица - „ПРВИЧЕН ОДГОВОР 2025“ ќе се подмират во рамките на буџетот предвиден за спроведување на целиот проект.

## 22. ПЛАН ЗА БЕЗБЕДНОСТ ЗА ВРЕМЕ НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ВЕЖБОВНИТЕ АКТИВНОСТИ

| | | | |
|---|---|---|---|
| ФИЗИЧКА БЕЗБЕДНОСТ | Самозаштита | Користење на средства за лична заштита | Сите учесници на вежбата |
| | | Почитување на команди и препораки | Сите учесници на вежбата |
| | Заедничка заштита | Примена на стандарди за заедничко дејствување на пожар | Тимови на:<br>ЈУНП Галичица<br>ТППЕ,<br>сили на ЕЛС,<br>ПСС,<br>други НВО,<br>ДЗС, |
| | | Единствена команда на терен | ЈУНП Галичица за своите тимови до пристигнување на ТППЕ |
| | Сообраќајно обезбедување | За време на движење по сообраќајниците | Организира:<br>СВР Охрид и<br>ЈУНП Галичица |
| Санитетско обезбедување | Непланирани повреди | Прва помош | Организира:<br>ЦКРСМ - Охрид |
| | | Транспорт | ИМП Охрид заедно со ЦКРСМ Охрид |